Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

## Извадок на дел дневните настани 06.12.2022

На 05.12.2022 во 16.00 часот во с.Кондово, скопско, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Ѓорче Петров го лишиле од слобода С.Ф.(21) од с.Кондово. За него била распишана потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од пет години за сторено кривично дело „разбојничка кражба" по член 238 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 05.12.2022 во 21.15 часот на ул.„Борка Талевски" во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Ѓорче Петров го лишиле од слобода К.П.(30) од Скопје. Тој бил баран со потерница издадена врз основа на наредба од Основен кривичен суд за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 05.12.2022 на ул.„Орде Тутески" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода К.Ш.(29) од Прилеп. Тој бил фатен веднаш по извршување „тешка кражба" од возило „опел астра", сопственост на Г.М.(46) од Прилеп, паркирано на ул.„Илија Василески", при што одзел повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било приведено во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.12.2022 во 15.20 часот во шума во атар на гостиварско Врањовце, полициски службеници од Полициското одделение - Галате го лишиле од слобода лицето И.Р.(41) од с.Врањовце. Околу 15.20 часот на земјен пат на место викано „Црквиште", тој бил затекнат како врши бесправна сеча на дрва. Исто така, биле пронајдени и 18 исечени стебла од дрво, кои биле предадени на Шумска полиција за понатамошна постапка. Лицето било задржано во Полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.12.2022 во 13.00 часот во кругот на средно училиште на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.Б.(18) од тетовско село, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Лицето било задржано во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следи соодветен поднесок.

На 05.12.2022 во 20.20 часот во Парк шума Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода В.С.(24) и Х.С.(26), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.12.2022 во 17.45 часот во кругот на средно училиште на улица „Браќа Миладинови" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово лишиле од слобода малолетник од тетовско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Во присуство на родител тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следи соодветен поднесок.

На 05.12.2022 во 22.50 часот во тетовско Горно Палчиште, полициски службеници од Полициското одделение Камењане го лишиле од слобода А.А.(25) од тетовско Јеловјане, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.12.2022 во 10.40 часот на ул.„Панче Попоски" во Гостивар, полициски службеници од СВР Тетово - ОВР Гостивар го привеле Е.У.(38) од Гостивар. За него била издадена судска наредба за издржување казна затвор. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 05.12.2022 во 18.20 часот на Граничниот премин „Ќафасан", полициски службеници го лишиле од слобода М.А.(31) од Република Албанија, затоа што при извршени проверки во оперативна евиденција било констатирано дека се наоѓа на стоп листа со мерка „апси", по меѓународна потерница од Интерпол Германија. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (04.12.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 166 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 70 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 96 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (05.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 57 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола седум санкции, седум мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири санкции за нерегистрирани возила...

На 05.12.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 33 прекршоци, од кои 20 надвор од населено место и 13 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за прекршоци за непрописно престигнување. Од извршената контрола биле констатирани 11 прекршоци и на сите прекршители им биле изготвени соодветни поднесоци. Санкционирани биле и 18 други видови прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 1 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 4 за некористење сигурносен појас, 4 за користење мобилен телефон и 1 за непрописно паркирање.

На 05.12.2022 околу 20.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Козле" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „цитроен", управувано од К.Ѓ.(37) од Скопје, патничко возило „мини купер", управувано од П.Ж.(53) од Скопје и мотоцикл „хонда", управувано од малолетник од Скопје, сите со скопски регистарски ознаки. На местото несреќата од здобиените повреди починал малолетникот, а смрт констатирала екипа од Итна медицинска помош. Увид на местото извршиле увидна екипа од СВР Скопје и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 05.12.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, Г.К.(42) од Скопје пријавил дека на ул.„Христијан Тодоровски Карпош" бил каснат од куче скитник.

На 05.12.2022 во 15.40 часот во Полициската станица Чаир, Б.А.(51) од Скопје пријавила дека на ул.„АФЖ" била касната од куче скитник.

На 05.12.2022 во с.Лепопелци, општина Чешиново – Облешево, полициски службеници од ОВР Кочани го лишиле од слобода Б.Г.(55) од с.Бурилчево. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени една ловечка пушка и куршуми калибар 16мм. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

По преземени мерки и активности, полициски службеници од ОВР Виница расчистија шест кривични дела од кои две „тешка кражба", три „тешка кражба" во обид од куќи и едно „мачење на животни", извршени на подрачјето на Виница. На 05.12.2022 во полициска станица бил извршен службен разговор со осомничените А.И.(19), Е.М.(21), Б.Д.(18) и С.Ј.(73). Тие ги признале кривичните дела и по целосно документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Денеска (06.12.2022) во 07.45 часот на улица „Балканска" во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип, по наредба од Основен суд Штип, го привеле Д.И.(38) од Штип за доиздржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Струмица за доиздржување на казната.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Џ.Ј.(51) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување" по член 353 и „фалсификување службена исправа" по член 361 од Кривичниот законик. На 26.07.2022 пријавениот, во својство на референт за сеча и дотур во ЈП „Национални шуми", издал испратница за 26.07.2022 за натоварено огревно дрво во количина од 2.5 кубни метри во товарно возило „там" со скопски регистарски ознаки. При контрола, извршен увид и премерување од страна на Шумска полиција било констатирано дека натоварената количина не соодветствува со наведената количина во издадената испратница, односно дека има претовар од 1,5 кубни метри дрвна маса. На тој начин пријавениот му овозможил на лицето М.И., кое го управувало возилото, да се стекне со противправна имотна корист.

На 04.12.2022 во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода С.А.(24) и Р.Р.(26), двајцата од Куманово. Тие се сомничат дека од домот на Ш.И.(38) од Куманово одзеле повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.12.2022 во 23.40 часот на ул.„Сутјеска" во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип го привеле О.М.(22) од Република Турција, со привремен престој во Штип, затоа што кај него него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.12.2022 на место викано „Кишино" – Велес, полициски службеници од СВР Велес ги затекнале М.Ј.(18) од Велес и четири малолетни лица како со три запрежни коли превезуваат бесправно исечени огревни дрва. Дрвата се одземени и предадени на Шумска полиција во складот на Национални шуми – подружница Велес. По расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 05.12.2022 во периодот од 07.00 до 12.00 часот, Секторот за внатрешни работи Тетово спроведе акциска контрола за санкционирање на возила кои вршат неправилно престигнување. Притоа, санкционирани се 40 возачи (ТЕ-30 и ГВ-10), а биле констатирани и 4 друг вид прекршоци (ТЕ-3 и ГВ-1). За констатираните прекршоци биле изготвени соодветни платни налози.

На 05.12.2022 во 15.30 часот, Т.Б.(47) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „Магистрален пат" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 05.12.2022 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Охрид извршени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 29 возачи на моторни возила кои извршиле недозволено престигнување на места каде со сообраќаен знак е забрането (Охрид-08, Струга- 12, Кичево-05, Дебар-04).

На 05.12.2022 во 13.00 часот во СВР Скопје, Е.С.(24) од с.Коњари, скопско, пријавил дека на 04.12.2022 околу 15.05 часот, за време на фудбалски натпревар на фудбалски терен на подрачјето на Аеродром - Скопје, неколку лица фрлале со тврди предмети кон гледачите, при што тој бил погоден со тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против тројца малолетници, сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 10.10.2022 пред продажен објект во с.Љубош, пријавените физички нападнале малолетник.

На 05.12.2022 во Полициската станица Кичево, М.И.(35) од кичевското село Бигор Доленци пријавила дека на улицата „Маршал Тито" во Кичево била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.А.(18) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 01.10.2022, за време на одигрување на фудбалски натпревар помеѓу екипите ФК „Тетекс"-Тетово и ФК „Саса Каменица" на спортско игралиште во Тетово, пријавениот влегол на теренот и физички нападнал еден гостински фудбалер.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против С.В.(53) од с.Велешта, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на животната средина и природата" и „узурпација". На 12.08.2022, пријавениот вршел рамнење на земја на парцела покриена со трска, сопственост на државата, која е прогласена за споменик на природата, под мониторинг на УНЕСКО.

На 05.12.2022 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца се оддалечил нивниот штитеник Р.Ѓ.(17), кој и претходно се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.К. од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". Пријавениот набавил и препакувал за продажба марихуана, која била пронајдена од полициски службеници.

На 05.12.2022 во 17.38 часот во СВР Скопје било пријавено дека во финансиско друштво на бул.„Македонско-косовска бригада" едно лице со закана кон вработениот одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.12..2022 во Полициската станица Велес, Н.Т.(53) од Велес пријавила дека на ул.„Тодор Јанев" во Велес била касната од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет